**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**
**СТ.бр.84/11**
**04.11.2011 год.**
**ВЕЛЕС**

# О Г Л А С

Со решение СТ. бр.84/11 од 04.11.2011 год. на Основен суд Велес, **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА** за испитување за условите за отварање на стечајна постапка над должникот Водна заедница Глишиќ Кавадарци со седиште на ул.Илинденска бр.26 Кавадарци со трансакциска сметка бр.200001233943297 при Стопанска Банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 6012035 и со единствен даночен број 4011005123883.

Во претходната постапка над должникот до донесување на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка **СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ СЛЕДНИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ:**

-ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК се определува лицето Драган Ангеловски од Велес ул.Браќа Капчеви бр.7, Велес со моб.телефон 070-216-202.

СЕ ОДРЕДУВА да должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

СЕ ЗАБРАНУВА одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот .

СЕ ЗАБРАНУВА исплата од сметките на должникот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да испита дали се исполнети условите за отварање на стечајна постапка на должникот и ги утврди причините за неликвидноста и состави писмен извештај во рок од 15 дена од приемот на решението.Да врши контрола на активните и пасивните парници и другите постапки кои се во тек на должникот и ги превземе истите.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Органите на должникот се должни на привремениот стечаен управник да му допуштат да влезе во деловните простории за да може да ги спроведе потребните дејствија и да изврши увид во трговските книги и во деловната документација.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 29.11.2011 год. во 14,00 часот во судница бр.3 на први кат на Основен суд Велес и СЕ ПОВИКУВААТ предлагачот, застапникот по закон на должникот и привремениот стечаен управник.

Против ова решение не е дозволена жалба.

СЕ ПОВИКУВААТ должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основен суд Велес

Стечаен судија

Валентина Петровска